ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Општина Зрновци, Илинденска бр.186, 2305 Зрновци,email: info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk , тел: 033/353 105

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ 2023 – 2027

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRENGTHENING RESOURCE MOBILIZATION ACTIVITY

Проект за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите

Projekt për përforcimin e kapaciteteve për shfrytëzim të resurseve

**Зрновци , Април 2023**

**Предговор од Градоначалникот**

Почитувани,

Меѓу повеќето пренесени надлежности со процесот на децентрализација е и надлежноста на општините во локалниот економски развој (ЛЕР). Во Законот за локална самоуправа, надлежноста во локалниот економски развој изворно е утврдена со членот 22, став 1, алинеја 3:

***Член 22***

***(1) Општините ќе бидат надлежни за вршењето на следниве активности:***

***3. Локален економски развој – планирање на локалниот економски развој; одредување на развојните и на структурните приоритети; спроведување и извршување на локално-економските активности; поддршка за развој на мали и на средни претпријатија, претприемништво на локално ниво, и во тој контекст учество во установувањето и развојот на локалната мрежа на институции и на агенции; промоција на партнерства.***



Да се работи на ЛЕР, значи да се работи директно на изградба на економска конкурентност на општината, со цел да се подобри нејзината економска иднина. Локалната самоуправа, во огласност со новите надлежности што и се дадени со децентрализацијата во своите активности, треба да даде приоритет на локалното стопанство и на зголемување на неговата конкурентност во економска смисла, бидејќи успехот на локалната заедница ќе зависи од нејзината приспособливост кон пазарното опкружување, кое се побрзо се менува и во кое конкуренцијата е се посилна.

Секоја локална заедница има свои единствени локални услови, кои можат да го помагаат или да го отежнуваат нејзиниот економски развој. Овие локални атрибути ги формираат темелите на кои може да се гради стратегијата за ЛЕР, со цел да се подобри конкурентноста на локалните бизниси.
За да се развие конкурентноста, секоја локална власт треба пред себе да ги има предвид сопствените ресурси (природните потенцијали, географската местоположба, инфраструктурата, постојните стопански капацитети итн.), како и предностите и слабостите, со цел да се искористат потенцијалните можности и да се избегнат опасностите на кои е изложена. Треба да се создаде поволна стопанска клима што ќе привлече нови инвестиции, кои ќе создаваат нови работни места, други позитивни страни во ЛЕР, со што ќе се овозможи и развој на локалната заедница во целина.

Согласно ова, и фактот што **Интегралниот план за локален развој на општина Зрновци (2019-2022)** е со измината важност, општинската администрација заедно со преставници на невладиниот сектор и Локалниот економски совет го изготвија овој стратешки документ кој ќе дава насоки за идниот ЛЕР на општина Зрновци во наредниот 5-годишен период.

Општина Зрновци
Градоначалник
Борчо Коцев

# 1. РЕЗИМЕ

Стратешкиот план за Локален Економски Развој е план со важност 2023 – 2027 изработен од тим составен од општинска администрација и преставници од невладин сектор и Локалниот економски совет. Изработен е по методологија дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“ а под менторство на тим од УСАИД. Овој проект се покажал како успешен во земјите од Источното партнерство (EaP) (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина).

Стратешкиот план за ЛЕР има 4 стратешки цели:

1. **Подобрување на квалитетот на услугите на јавната администрација кон бизнис секторот**
2. **Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија (МСП) и подобрување на бизнис опкружувањето**
3. **Промоција и поддршка на развојот на туризмот**
4. **Поддршка на одржливиот рурален развој**

и вкупно 15 мерки со вкупно 64 активности/проекти.

Дополнително во планот се разработени и 3 стратешки области на делување.

- Култура и спорт
- Животна средина
- Социјална заштита

Разработени се вкупно 8 мерки со вкупно 26 активности/проекти

Општина Зрновци иако официјално, најмалата општина во државата со 2.086 жители, 3 населени места и површина од 52км2, општинска администрација со 9 вработени и вкупен буџет за 2023 год од 49.515.700 мкд има визија да остане ***најмалата рурална општина со еколошка чиста средина, без невработени лица, со услови за квалитетен и достоинствен живот , привлечна дестинација со развиена и добро позната гастрономска понуда, заснована на ориз и јадења од ориз, вина и препознатливи градинарски производи.***

Општинската администрација заедно со останатите чинители од бизнис и невладиниот сектор ќе се фокусираат на искористување на сите достапни извори на финансирање, мобилизација на сопствените ресурси и остварување на овој амбициозен но реален план за наредниот 5-годишен период.

## 2. СОДРЖИНА

Предговор на Градоначалникот

1. **Резиме ... 3**
2. **Содржина ... 4**
3. **Листа на табели, слики и кратенки ... 5**
4. **Вовед во планот ... 6**
5. **Процес на изработка на Планот за локален економски развој ... 6**
6. **Локална економска анализа**
   - 6.1 Анализа на локалната економска структура ... 8
   - 6.2 Локална соработка и вмрежување ... 10
   - 6.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ... 11
   - 6.4 Пристап до финансиии ... 12
   - 6.5 Земјиште и инфраструктура ... 13
   - 6.6 Регулаторна и институционална рамка ... 15
   - 6.7 Вештини и човечки ресурси, инклузивност ... 16
   - 6.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ... 17
7. **SWOT анализа - Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани .... 18**
8. **Визија ... 21**
9. **Стратешки цели и мерки за ЛЕР... 21**
10. **Акционен план за ЛЕР ... 23**
11. **Останати стратешки области на делување со SWOT анализа... 30**
12. **Дополнителни стратешки цели и мерки ... 32**
13. **Акционен план + ... 12**
14. **Шема за финансирање ... 33**
15. **Индикатори и механизми за мониторинг ... 36**
16. **Прилози ... 37**

## 3. Листа на табели, слики и кратенки

*Слика бр. 1 Методологијата на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ (стр.7)*
*Табела бр. 1 Анализа на локалната економска структура – презентирање на компаниите од приватниот сектор (стр.9)*
*Табела бр. 2 SWOT анализа на локалната економска структура на приватни компании (стр.9)*
*Табела бр. 3 SWOT анализа на локална соработка и вмрежување (стр.10)*
*Табела бр. 4 Главни предизвици за кои е потребна подршка на бизнисот (стр.11)*
*Табела бр. 5 SWOT анализа на пристап до финансии (стр.12)*
*Табела бр. 6 Земјиште и инфраструктура (стр.14)*
*Табела бр. 7 SWOT анализа на земјиште и инфраструктура (стр.15)*
*Табела бр. 8 Активни баратели на работа според возраст (стр.16)*
*Табела бр. 9 Активни баратели на работа според образовен профил (стр.17)*
*Табела бр. 10 SWOT анализа на надворешно позиционирање и маркетинг (стр.18)*
*Табела бр. 11 SWOT анализа на тема локална економија во општина Зрновци (стр.19)*
*Акционен план ЛЕР (стр.23)*
*Тебела бр.12 SWOT анализа Култура и спорт (стр.30)*
*Табела бр. 13 SWOT анализа за животна средина (стр.31)*
*Табела бр. 14 SWOT анализа за социјална заштита (стр.31)*
*Акционен план за ЛЕР + (стр.33)*
*Табела А пристап до финансиски ресурси ( стр.37)*
*Табели Статистика за општина Зрновци (стр.41)*

## 4. Вовед во планот

Локалниот Економски Развој (ЛЕР) е една од најзначајните општински функции и надлежности. Обезбедувањето услови за локалното стопанство, промоција на стопанската и комунална инфраструктура, природните ресурси, расположливата работна сила и логистиката од општинската администрација треба да водат кон просперитет, деловна благосостојба и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Стратешкиот план за локален развој има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува Општина Зрновци, како и да предложи активности за нивно надминување. При неговата изработка се пристапи сериозно, со вклучување на сите локални актери во еден партиципативен процес, со почитување на претходните циклуси на планирање, преку надминување на секторскиот пристап со ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување реален, долгорочен развој и подобрување на квалитетот на живот на целокупната локална заедница.

Со ваквиот пристап се постигнат повеќекратни ефекти, а пред сѐ:

- Вклучување во процесот на сите засегнати страни на локално ниво преку мобилизирање и мотивирање заради зголемување на нивото на доверба меѓу цивилниот и јавниот сектор, и развивање на меѓусебните односи и врски и зголемување на шансите за подобра реализација на утврдените приоритети во планот.
- Добивање веродостојни резултати од извршената социо-економска анализа и СВОТ-анализата и обезбедување јасна слика за недостатоците, пречките, но и предностите на заедницата кои најдобро ќе се искористат при дефинирање на посакуваната состојба.

Надминување на секторското планирање преку изготвување на структурно-оперативен план кој ќе ги третира проблемите (интегрирано) од различни области (социјалните, економските, животната средина, инфраструктура), ќе биде конкретно насочен кон акција и ќе се спроведува во партнерство со локалните засегнати страни.

## 5. Процес на изработка на план за локален економски развој

Општина Зрновци , следејќи го континуитетот на изработка на стратешки документи и потребата од градење на своите капацитети се пријави на Повикот од проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ со допис бр. 09-736/2 од 23.12.2021 год.

Стратешкиот план за локален економски развој се поврзува со предходниот **Интегрален план за локален развој (2019–2022)**, а ги зема предвид и Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021–2027) како и Програмата за развој на Источниот плански регион (2021 – 2026).

Овој документ го следи процесот на развивање и структура на плановите за локалниот економски развој (ПЛЕР). Истиот е развиен од страна на општината со техничка поддршка (градење капацитети и менторство) на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, следејќи ја методологијата дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“. Овој проект се покажал како успешен во земјите од Источното партнерство (ЕаР) (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина).

Општина Зрновци е мала рурална општина со ограничени човечки и материјални ресурси. Имајќи предвид дека методологијата која ја следиме за изработка на овој стратешки план е посветена конкретно на Локалниот економски развој а ние сакаме стратешкиот план да ги покрива сите стратешки области на делување за интегрален одржлив развој се одлучи да се разработат и останатите области на делување со соодветна анализа, стратешки цели, мерки и активности/проекти. Останатите области на делување, како што ги нарекуваме во документот никако не се потценети по значење бидејќи **интегралниот пристап** и **одржливиот развој** , во крајна сметка, водат кон локален економски развој и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Акциониот план за ЛЕР и Акциониот план + се надополнуваат во својата крајна цел: Одржлив развој.

Локалната економска анализа беше направена користејќи официјални статистички податоци од УЈП, истражување на терен и разговори со економски чинители од општината.Во делот на акционите планови беше консултиран и предходниот Интегрален план за локален развој и соодветната анализа на имплементација.

## 6. Локална економска анализа

Според веќе споменатата методологија на изработка на овој стратешки документ, општините и нивните партнери од приватниот сектор се поттикнуваат да се фокусираат на клучните „елементи“ („структурни елементи“) на прашањата, кои што се основни локални предуслови за раст на приватниот сектор и отворање нови работни места.
Таканаречените **Градежни блокови** преставени сликовито на следната слика:




*Слика бр. 1 Методологијата на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ*

сликовито ги покажуваат посебните блокови и меѓусебната поставеност а во функција на локалниот економски развој. Пристапот на тимот беше да се анализираат посебните градежни блокови и преку пополнување на посебните прирачници се направи анализа и извлечат заклучоци.

## 6.1 Анализа на локалната структура

Фактот што општина Зрновци според најновиот попис на населението од 2021 година е најмалата општина во државата по население со само 2.089 жители укажува на потешкотиите од непоседување но и добивање на релевантни статистички податоци од различните државни институции но и на олеснување во анализата на истите поради малиот број на економски субјекти и меѓусебното познавање.

| Вид на економска активност | Број и % на компании(според класификација) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Микро | | Мали | Средни | Големи |
| | | | | | |
| ***Индустриско производство*** | 1 | 2% | 1 2% | | |
| ***Земјоделство*** | **6** | **20%** | | | |
| ***Преработувачка индустрија*** | **3** | **10%** | | | |
| ***Трговија*** | **10** | **33%** | | | |
| ***Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издаваштво, односи со јавноста (PR)*** | 1 | 3% | | | |
| ***Финансиски услуги*** | 0 | | | | |
| ***Медицински услуги*** | 1 | 3% | | | |
| ***Легални услуги (нотари, адвокати)*** | 0 | | | | |
| ***Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)*** | 1 | 3% | | | |
| ***Ресторани, барови кафеа.*** | **3** | **10%** | | | |
| ***Хотели, хостели, итн..*** | 0 | | | | |
| ***ИТ услуги*** | 0 | | | | |
| ***Транспорт*** | **2** | **7%** | | | |
| ***Градежништво*** | 1 | 3% | | | |
| ***Комуникациски услуги*** | 0 | | | | |
| ***Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, вебдизајн, социјални медиуми, настани)*** | 0 | | | | |
| ***Управување со отпад*** | 1 | 3% | | | |

| | |
|---|---|
| ***Туризам*** | 0 |
| ***Културно наследство*** | 0 |
| ***Итн.*** | 0 |

*Табела бр. 1 Анализа на локалната економска структура – презентирање на компаниите од приватниот сектор*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • **Фирмите од секторот земјоделие покажуваат тренд да пораст и ширење на бизнисот** | • Мал број на фирми и сите се со мал капацитет (микро) |
| • **Фирмата Амфенол од Кочани иако не е со седиште во општината има постојан развој и потреба од нови вработувања** | • Општината е мала со мал број на жители и капацитет |
| • **Општината е во непосредна близина на магистралниот пат Кочани – Р.Бугарија и Кочани – Скопје и сообраќајно е добро поврзана со Кочани и Виница** | • За 20 год населението во општината се намалило за 36% |

*Табела бр. 2 SWOT анализа на локалната економска структура на приватни компании*

- Општина Зрновци силно гравитира со својата работна сила кон соседните општини: Кочани (8км), Виница (6км) и Штип(39км)
- Секторот земјоделство во индивидуалниот сектор нагло опаѓа поради намалена работна сила, немање на пазарно производство. Од друга страна зголемените цени на земјоделските производи даваат можност за посветување на овој сектор од мал обем.
- Општина Зрновци е мала рурална општина и во моментот ги има следните фирми кои се издвојуваат по својот обем и важност:

- ДППУ Механизација ДОО Зрновци – каменолом
- ПТД Дрвопром – Мородвис – столарија
- ДТПТУ ДБ Интернационал шпед – трговија на мало
- ДПТУ БМФ ДОО Зрновци – одгледување и преработка на ориз
- ДПТУ Перун Џинс ДООЕЛ Зрновци – конфекција
- ДПТУ Никосар Зрновци – одгледување на грозје и винарија
- ДПТУСкај хај 2022 ДООЕЛ Зрновци – производство на струја
- Тера маркети подружница Зрновци – трговија на мало

- Секторот Угостителство е преставен од 3 фирми кои го носат развојот и даваат надеж на понатамошен развој на локалниот туризам и понуда во општината:

- ТП Рио трејд Зрновци – кафе бар
- ДПТУ Фонтана фреда ДООЕЛ – ланч бар
- ДУТУ Аминта трети Зрновци – ресторан

### 6.2 Локална соработка и вмрежување

**Локалната јавно-приватна соработка** е клучен фактор за локалниот економски развој.Општините се добро поставени да иницираат ваква соработка, која често е потребна во области како што се:

- *Знаења и вештини* (општина-локални даватели на стручно образование и обука-компании);
- *Деловна инфраструктура* (општина – услуги за поддршка на бизнисот – компании и индивидуални претприемачи), особено во економските сектори во кои активностите треба внимателно да се планираат, заеднички да се структурираат и редоследно да се подредат (на пр. туризам, земјоделство и преработка, ИТ, култура и уметност, мало производство,иновации итн.).

Успешните активности за локален економски развој често бараат некаква форма на **јавно-приватен дијалог и партнерство**. Поголемите, претежно урбани општини можеби ќе можат да го олеснат развојот на пристапот на „тројна спирала“ за иновации (бизнис-јавен сектор-академски и истражувачки институции).

Клучното прашање во овој дел е:
**“Кои форми и механизми на локална соработка се потребни за придвижување на локалниот економски развој и како тие можат да се организираат имајќи ја во предвид постоечката состојба?”.**

Општина Зрновци е мала општина со само 3 населени места, 2089 жители и околу 30 вкупно економски субјекти. И покрај ова во минатото има пракса и примери за неформални партнерства помеѓу локалната самоуправа и бизнис и невладиниот сектор кои претежно биле проектно ориентирани, кон оставување на проектни цели.

На крајот од 2022 година со решение Градоначалникот го формира Локалниот економски совет на општина Зрновци кој брои 5 члена, преставници од економски оператори. Овој совет даде свој придонес во изработката на стратешкиот план и во иднина треба заедно со останатите два столба да дава подршка кон реализација на акциониот план

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Мал број на субјекти, сите се меѓусебно познаваат | • Постои недоверба и слаба соработка помеѓу јавната власт и бизнис секторот но и помеѓу самите фирми |
| • Општината како јадро за идни успешни соработки и подршка | • Не постои лидерство и иницијативи за соработка |

*Табела бр. 3 SWOT анализа на локална соработка и вмрежување*

- И покрај ограничените ресурси и малата критична маса постојат можности не само за вклученост туку и посветеност за развивање и продлабочување на взаемната соработка во делот на :
- Транспарентност во работата
- Споделување и развивање заеднички идеи и активности за подобрување на капацитет, обуки за вештини и знаење

- Заедничко учество во проекти
- заедничка промоција и привлекување на инвестиции
- Вклучување на плановите на приватниот секотор во јавните политики и насоки на развој

### 6.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Една од главните функции на локалната администрација е да воспостави и одржува оперативна средина за другите чинители, вклучително и приватниот сектор и граѓанското општество. Колку оваа средина е **поотворена, попредвидлива и потранспарентна**, толку целокупниот систем станува пожив, поефикасен и поздрав.

И покрај тоа што е многу важно КОИ правила и прописи постојат во сферите релевантни за локалниот економски развој , од одлучувачко значење е КАКО се спроведуваат овие правила и прописи. **Нулта толеранција кон корупцијата**, како и посветеност на принципите на доброто управувањето (на пр.учество, инклузивност, отчетност и владеење на правото) се **предуслови** за зголемување на довербата во рамки на деловните кругови, довербата во рамки на граѓанското општество и општото задоволство во рамки на локалната заедница.

Покрај локалните засегнати страни, меѓународните чинители како што се странските инвеститори и донаторските организации се исто така, многу чувствителни на јавната слика на управните тела и ја земаат предвид оваа слика како **фактор** кога одлучуваат дали да соработуваат со нив или не.

| ***(Раст) Сектори (подсектори)*** | ***Главни предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот*** |
|---|---|
| **Сите сектори заедно (хоризонтално)** | - Намалување на бројот на фирми на територијата на општината за околу 20 за две години<br>- Причините се главно надвор од моќта на малата локална самоуправа но треба да се види кои се начините постојните фирми да се задржат.<br>- Фирмите се оставени сами на себе да се снаоѓаат во морето на информациии за своите бизниси и за достапот до финансии.<br>- Нема многу критична маса за крупни чекори, фирмите се со мал број вработени и мал капацитет,<br>- Нема регионални состаноци, обуки, промоции... |
| ***Сектор (подсектор) 1***<br>Угостителство/туризам | - Постои недоволен паркинг простор во летните месеци,<br>- Постои недостаток од млад и обучен кадар<br>- Нема обуки за предприемништво, нови стандарди<br>- Тешко се доаѓа до информации за извори на финансирање, промоција, алатки за додадена вредност на производи |
| Земјоделие/преработка | - Отежнат е пристапот до нови технологии,<br>- Малку се знае за ЕУ регулативи, добра земјоделска пракса<br>- Не се аплицира за ЕУ проекти, субвенции<br>- Отежнат пристап до информации за набавка на репроматеријали, заштита, пакување |

*Табела бр.4 Главни предизвици за кои е потребна подршка на бизнисот*

**Кои правила и регулативи постојат во областа на ЛЕР и како се спроведуваат на локално ниво?**

Урбанистичкото планирање и спроведувањето на истите се во локална надлежност.Транспарентноста и взаемната соработка во делот на можностите за инвестирање се нешто на што треба да се работи во наредниот период. Изработени се урбанистички планови за сите три населени места.Општинската администрација планира презентирање на истите како и изработка на каталог за можности за инвестирање.

## 6.4 Пристап до финансии

Достапноста и пристапот до финансирање е речиси секогаш голем предизвик за новите или малите бизниси. Финансиите играат клучна улога во развојот на деловните субјекти, бидејќи им овозможуваат на компаниите да спроведуваат истражувања, да ги усвојат потребните технологии за деловна дејност, како и да ги развијат и да ги комерцијализираат деловните активности. Компаниите можат да користат различни инструменти обезбедени од различни видови на финансиски посредници, инвеститори или друг тип организации, за да ги финансираат деловните активности. Пристапот до надворешни извори на финансирање често е предизвик во раните фази на развојот на бизнисот, бидејќи во оваа фаза компаниите се соочуваат со високи бариери за пристап до финансии, особено затоа што им недостигаат соодветни финансиски резултати.

Работниот тим направи анализа на постоечката состојба во општината и резултатите се прикажани во Табела А Пристап до финансии која може да ја погледате во Прилози. Заклучоците се следните:

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Во општина Кочани (8 км од Зрновци) постојат експозитури на најголемите банки во РСМ<br>• Во РСМ постојат 14 приватни и една државна банка. од тие 5 се големи(75%), 6 се средни и три мали банки | • Сите кредити се со хипотекарно обезбедување и каматните стапки се високи<br>• Енергетската и економска криза влијаат на покачување на каматите и |
| • Се нуди широка палета на кредити за правни лица<br>• Државата има свои алатки и програми за субвенционирање и грантирање во различни области | • Не постои општински гарантен фонд за поддршка на пристап до банкарски заеми |

*Табела бр. 5 SWOT анализа на пристап до финансии*

Според мислењето на локалните фирми – тие се задоволни од бројот на можностите за пристапот до финасии кои ги нудат банките, но изразуваат незадоволство од условите на постоечките кредити. Односно сметаат дека имаат доволно информации за кредити, но условите на банките се неповолни за нив и не соодејствуваат со нивните потреби.Каматните стапки се високи, а грејс периодот би можел да биде подолг. Исто така сметаат дека процедурите за одобрување на кредити се доста сложени и истите може да се поедностават, а за барањата за обезбедување на кредитите преку хипотека на недвижен имот, залог на подвижни предмети, паричен депозит, банкарска гаранција,

гаранција од компанија или меница сметаат дека би можел да биде намален соодносот помеѓу висината на кредитот и висината на обезбедувањето.

- Финансирање на малите и средните претпријатија преку банкарскиот сектор во Република Северна Македонија – резултати од анкетно истражување chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.nbrm.mk/content/Bank-financing-SMEs-RNM_Evidence-from-Survey-Data-WP1-2019.pdf

Кредитни линии:

- Кредитна линија за кредитирање на развојот на микро, мали и средни претпријатија, поддршка на извозот и за трајни обртни средства преку Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ)
- Кредити од средствата на Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) - проект за финансиски услуги во земјоделството
- Проект кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање нови работни места, од средствата на Агенцијата за вработување на РСМ, а со посредство на Развојната банка на Северна Македонија
- Кредити за агроиндустрискиот сектор поддржани од УСАИД
- Програма за поддршка на конкурентноста на МСП (SME-CSP) со бесплатна техничка поддршка и исплата на 15% грант за кредитокорисниците, финансирана од Европската Унија и развиена од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)
- Кредитна линија од ЕИБ преку РБСМ за учество во програмата за кредитирање на МСП и средно пазарно капитализирани претпријатија VI (закрепнување од КОВИД-19)
- Кредитно-гарантна шема од Гарантен фонд преку Развојна банка на Северна Македонија
- Програма за одржливо рестартирање на МСП финансирана од ЕБОР со бесплатна техничка поддршка и исплата на 15 % грант финансиски поддржан од Норвешка, Луксембург и САД
- Програма за субвенционирање камата по кредити дадени на компании кои ја реинвестираат добивката, реализирана во соработка со Развојна банка на Северна Македонија (РБСМ)

**Од разговорите со преставниците на фирмите во општината причините за застој, не инвестирање и не земање кредити се главно во лошата економска состојба, намалената куповна моќ, несигурноста, високата инфлација а не во недостаток на финансирање.**

## 6.5 Земјиште и инфраструктура

Бизнисите од сите видови и големини имаат потреба од физички простории и модерни капацитети за работа – работилници, канцеларии, производствени и услужни капацитети. Општините можеби ќе можат да обезбедат земјиште за такви капацитети или да бидат иницијатори во напорите за развој на такви капацитети. Постои многу широк опсег на можни барања во оваа област. Тие се движат од наједноставните и најосновните, како што е место за работа (мала работилница или канцеларија) до голема и скапа инфраструктура со цел да се обезбеди заедничка локација на компаниите кои

соработуваат и други институции, како што се научни и технолошки паркови (кои може да се наоѓаат на просториите на локален универзитет или истражувачка установа), бизнис инкубатори, итн.

Искуството покажува дека земјиштето и инфраструктурата честопати се дефицитарни или несоодветни за побарувачката (погрешна локација или големина, или несоодветна поради практични проблеми, премногу скапа за санирање, како што е загадувањето на земјата или оддалеченоста од јавните комунални мрежи, итн.). Сепак, искуството исто така, покажува дека трошоците за развој на повеќето локации се значителни и ако тие не се брзо пополнети со компании, тогаш трошоците за почетната инвестиција не може да се повратат.

| **Вид на инфраструктура која е потребна на приватниот сектор** | **Постоечка ниво на понуда во овој сегмент** | **Индикативни идни потреби/барања (во наредните 6 години)** | **Недвижност во јавна сопственост која би можело да се искористи** |
|---|---|---|---|
| Комунална инфраструктура (пристапен пат, вода, канализација, електрична енергија, телефон, интернет)во постоечката економска зона за мало стопанство на излезот кон с.Мородвис | **нема** | Да се направи техничка документација и зоната за мало стопанство се комплетно уреди со потребната комунална инфраструктура | Во с.Зрновци и с.Видовиште постојат магацини и канцелариски простор кои потекнуваат од поранешните земјоделски задруги. Истите сега се во приватна сопственост но не се користат во моментот и преставуваат капацитет за евентуално договарање и искористување од страна на заинтересирани страни. Во склоп на Домот на културата во с.Видовиште постојат реновирани канцеларии кои се во сопственост на општината а истите можат да бидат изнајмени/отстапени на заинтересирани страни. |
| Воспоставување на нова зона за мало стопанство | **нема** | Искористување на расположливото државно земјиште и преку интервенции во урбанистичка и проектна документација се создадат услови за инвестиции од заинтересирани страни | Државно земјиште во атар на општина Зрновци на располагање |

*Табела бр. 6 Земјиште и инфраструктура*

Општина Зрновци има само 52км2 територија и три населени места. Во поглед на расположливо државно земјиште погодно за економски дејности е многу ограничена. Се прават напори изработените УП за населените места максимално се искористат во насока на економска дејност а се прават планови и за изградба на нова зона за мало стопанство. Трендот на изградба на објекти од сферата на обновливи извори на енергија е присутен и кај нас па се подготвуваат парцели и за таа намена.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Дигиталниот начин на комуникација и добивање на услуга се повеќе зема замав а со тоа и услугите се побрзи и поквалитетни (на ниво на Источен регион а со тоа и општина Зрновци отпочна со реализација на пилот проект за дигитализација на дел од услугите) | • Општинската администрација е непотполна (мал број на вработени, не се покриени сите надлежности) |
| • Општина Зрновци е во тек на реализација на проект за дигитализација на дел од своите услуги | • Општината нема капацитет за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи |

*Табела бр. 7 SWOT анализа на земјиште и инфраструктура*

Во делот на инфраструктурата, општината располага со солидна инфраструктура но недостасува секундарна и терцијална комунална инфраструктура во постоечката и идната зона за мало стопанство.

### 6.6 Регулаторна и институционална рамка

Бизнисите и претприемачите често се жалат дека се попречени да го развиваат својот бизнис поради неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Во однос на локалниот економски развој, најкорисното нешто што партнерите би можеле да го направат е да ги идентификуваат оние пречки што можат да ги решат или ублажат локално (наспроти чекањето Владата да го промени законодавството).

Анализата е направена од аспект на регулатива (административни пречки или комплексност на процедури) и институционална поставеност, капацитет и функционалност.

Општина Зрновци како посебна ЕЛС постои од 1996 година и нејзината администрација во моментот брои 7 лица без Градоначалникот. Иако Законот за локална самоуправа и децентрализацијата не ги разликува општините по однос на големината и капацитетот од една страна и наделжностите, општина Зрновци успева мал дел од надлежностите да ги покрива преку меѓуопштинска соработка а дел, за жал, остануваат да бидат покриени со службеници во наредниот период. Пречките се и од финансиска природа и човечкиот фактор. Најважните функции на општината, посебно оние што се од интерес на економските субјекти функционираат многу добро. Урбанистичкото планирање, е-катастар, е-урбанизам и е-градежна дозвола функционираат преку системот на национално ниво и подржката од администрацијата. Општината веќе подолго време високо котира на табелата на

национално ниво во делот на транспарентноста на својата веб страна. Јавните набавки (повици и склучени договори) редовно се објавуваат на веб страницата. Преку дигиталната платформа на ниво на Источен плански регион (11 општини од Источен плански регион) наскоро ќе понуди на граѓаните нова палета на дигитални услуги, eservices.eastregion.mk )

### 6.7 Вештини и човечки ресурси

Ова е област каде што локалните партнери можат да постигнат многу. Таа е исто така тешка област за анализирање. Од суштинско значење е да се најде рамнотежа меѓу сегашната и идната побарувачка за вештини на приватниот сектор и понудата на достапни соодветно квалификувани лица. Тие може да се најдат меѓу лица кои завршуваат училиште, факултет или обука, лица кои се враќаат во

| Вкупно Активни баратели на работа од општина Зрновци 12.2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | Возраст | мажи | жени | вкупно |
| **1** | 15 – 19 | 2 | 1 | 3 |
| **2** | 20 – 24 | 6 | 2 | 8 |
| **3** | 25 – 29 | 5 | 2 | 7 |
| **4** | 30 - 34 | 1 | 6 | 7 |
| **5** | 35 – 39 | 2 | 3 | 5 |
| **6** | 40 - 44 | 3 | 7 | 10 |
| **7** | 45 - 49 | 5 | 3 | 8 |
| **8** | 50 - 54 | 3 | 9 | 12 |
| **9** | 55 - 59 | 15 | 9 | 24 |
| **10** | 60+ | 18 | 9 | 27 |
| | ВКУПНО | **60** | **51** | **111** |

*Табела бр. 8 Активни баратели на работа според возраст*

локалното место по период на отсуство (на пр. работа во странство), лица кои се враќаат на пазарот на трудот (особено жени) или лица кои транзитираат од опаѓачки во растечки сектор.

| Активни баратели на работа во општина Зрновци по образование, 12.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| **вид на образование** | мажи | жени | вкупно |
| **НКВ** | 30 | 32 | 62 |
| **ПКВ** | 5 | 1 | 6 |
| **КВ** | 7 | 6 | 13 |
| **ВКВ** | 0 | 0 | 0 |
| **ССО** | 16 | 10 | 26 |
| **ВИШО** | 0 | 0 | 0 |
| **ВИСОКО** | 2 | 2 | 4 |
| **МАГИСТРИ** | 0 | 0 | 0 |

*Табела бр. 9 Активни баратели на работа според образовен профил*

Слично на тоа, може да има обесправени лица, одредени професионални категории, па дури и цели групи на население (како што се жени, млади луѓе, етнички малцинства) кои се соочуваат со предизвици во наоѓање вработување и заработување за живот поради некои објективни пречки. Во овие случаи, потребни се одредени мерки со цел да се стимулира отворањето работни места за овие категории или да се обезбеди стручно оспособување/преквалификација со цел да станат поконкурентни на пазарот на трудот.
Анализата на структурата на економски субјекти во општината покажува дека има 4 главни области:

- Трговија
- Земјоделство ( мал обем но со перспектива за развој, ресурси има но работната рака е голем проблем. Младите се иселуваат а тие што остануваат не сакаат да се бават со оваа гранка.)
- Преработувачка индустрија
- Угостителство ( мал обем но со перспективен раст, недостаток на човечки ресурси)

Од табелите подолу за активни баратели на работа по возраст и образование може да се заклучи дека општина Зрновци не располага со човечки ресурси, ни по образовен профил ни по возраст.

Поголемиот дел од активни баратели 63 (57%) се на возраст над 50 години а 62 (56%) се неквалификуван образовен профил.

Можни форми на делување:

- организирање на брзи курсови за доквалификација/преквалификација
- Презентација на можностите за рурален туризам, самовработување
- Кластерски состаноци за надминување на состојбите

За регистрираните фирми од областа на земјоделието:

- обуки за стандарди во производтство, маркетинг, етикетирање, договорно производство, нови технологии, користење на модерни ИТ

За индивидуалните земјоделци:

- обуки за кооперантсво и договорно производство
- користење на дигитални алатки и вештини
- окрупнување на површините и производството

- Да се организира презентација на мерките на Владата за самовработување, регистрација на занаетчиски работилници ЈТД

### 6.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Таканаречените „локациски фактори“ силно влијаат на тоа дали претприемачите и инвеститорите од приватниот сектор ќе ја лоцираат својата деловна активност на едно место, наместо на друго место. На некои, но не на сите, може да се влијае преку локална активност. Добро е документирано дека некои од овие фактори се однесуваат на согледаната „привлечност“ на одредено место и на општата „слика“ што тоа ја проектира кон надворешниот свет. Во секоја земја, за жал, има места кои инвеститорите ќе ги избегнуваат, а претприемачите настојуваат да ги напуштат бидејќи не се „сметаат“ за добро место да се престојува и да се води бизнис.

Многу од овие фактори всушност можеби не се поврзани со непосредното деловно опкружување. Тие може да се однесуваат на прашања со квалитетот на животот, физичката привлечност, еколошката и културната привлечност на едно место. Тоа е особено важно за местата кои се обидуваат да привлечат инвестиции однадвор.

Во некои ситуации, местата стануваат непривлечни бидејќи се во спирала на опаѓање. Излегувањето од спиралата секако бара многу типови на дејствување: некои од нив се да се создаде надеж или перспектива. Едноставно да ги натерате луѓето во еден мал град да работат заедно, да се гордеат со својата област, да развијат прилики за славење наместо конфликт или поплаки, може да бидат дел од долгиот процес за промена на внатрешната динамика и надворешната слика на местото.

Општина Зрновци е мала општина. Од порано го ужива епитетот на средена општина со солидна инфраструктура, пријатна микро клима (особено во лето), квалитетно земјоделско поле со систем на наводнување. Ваквиот имиџ сеуште важи и е погоден за развој на интензивното земјоделство но и органското. Во делот на угостителството и развојот на туризмот надворешната перцепција на општина Зрновци како територија но и имиџ на економските оператори е дека е зелена пријатна средина со добра гастрономска понуда, реки и планина за престој во природа.

| Силни страни на имиџот кој го проектираме надворешно | Слаби страни на имиџот кој го проектираме надворешно |
|---|---|
| Лесно достапна со одлична географска позиција ( 8км од магистралниот пат кон Р.Бугарија) само 100км од Скопје | Општина со нагласена миграција и население што старее |
| Одлични услови за земјоделие, производство на храна (хидромелиоративен систем) | Општина со мал број на население и куповна моќ |
| Рурална општина со урбани одлики | Општината е најмала по број на население во Р.С.М |

*Табела бр. 10 SWOT анализа на надворешно позиционирање и маркетинг*

Општина Зрновци во соработка со локалниот економски совет ќе работи на изготвување на план за маркетинг на економските потенцијали на општината и економските оператори кои постојат и работат на територија на општината.

## 7. SWOT Анализа - анализа на силни страни, слаби страни можности и закани

**СВОТ анализа** е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот, јавна политика или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта. Оваа техника му се припишува на Алберт Хамфри, кој водеше

конвенција на Универзитетот Стенфорд во 1960-тите и 1970-тите, користејќи податоци од годишната список на “Форчн” на 500-те најголеми американски корпорации.

СВОТ анализата прво мора да започне со одредување на посакуваната крајна состојба или цел. СВОТ анализата може да биде вклучена и во моделот на стратешко планирање. Стратешкото планирање беше предмет на многу истражувања.

- **Предности**: карактеристики на состојбата/областа,бизнисот или тимот кој стекнал предност над другите.
- **Слабости**: се карактеристики кои ја ставаат состојбата/областа,бизнисот во подредена улога во однос на другите фирми.
- **Можности**: надворешни можности за поголема подобрување на состојбата или профит во опкружувањето.
- **Закани**: надворешни елементи во опкружувањето кои би можеле да предизвикаат проблеми за бизнисот или нарушување на состојбите.

Идентификацијата на СВОТ анализите е од суштинско значење, бидејќи следните чекори во процесот на планирање за постигнување на избраната цел може да произлезат од СВОТ анализите.

Прво, со оглед на СВОТ анализата , носителите на одлуки треба да одредат дали целта може да се постигне. Доколку целта НЕ МОЖЕ да се постигне , мора да се одреди друга цел и да се повтори процесот.

СВОТ анализата често се употребува во стратешкото планирање, за да се нагласат и да се идентификуваат предностите, слабостите, можностите и заканите. Тоа е од особено голема помош за идентификување на областите за развој.

| Силни страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| • Општината има добра географска положба, на само 6км од магистралниот пат Скопје – Р.Бугарија, 8км од Кочани и 6км од Виница,<br>• Општината има поволни климатски услови за развој на земјоделството<br>• Советот на општината неодамна ги усвои и истите се функционални, Урбанистички планови за населените места: Зрновци, Мородвис и Видовиште,<br>• Еколошки чиста средина и природни убавини со можности за еко бизниси и активности,<br>• Општината располага со плодна почва и површини за земјоделска дејност, производство на храна и услови за отварање на преработувачки капацитети,<br>• Низ општината минува левиот крак од хидромелиоративниот систем Брегалница | • Зрновци и Видовиште немаат станица за прочистување на отпадни води што негативно влијае на развојот на туризмот и земјоделството<br>• Мал обем на директни green-field инвестиции,<br>• Миграција која продолжува и ги намалува активното население и младите, и кон странство и село - град<br>• Постои недостиг од квалификувана работна сила,<br>• Слабо развиено предприемништво,<br>• Не постојат брендирани проеизводи,<br>• Нема развиени туристички производи и нивна понуда,<br>• Не постои сместување во општината (некогашните 6 домаќинства веќе не нудат услуга, стариот Мотел Зрновка не работи а новоизградените 5 двокреветни |

| | |
|---|---|
| а трите села имаат вади и канали за наводнување на полињата од реките Зрновка, Морошка и Видовишка река,<br>• Во Зрновци постои оперативна мала економска зона а во план е и отворање на нова,<br>• Трите населени места во општината меѓусебно и со градовите Кочани и Виница се поврзани со асфалтирани патишта во добра состојба,<br>• Постојат предуслови за развој на рурален туризам (планината Плачковица, реките: Зрновка, Морошка и Видовишка), манастирите:Св. Недела – Зрновци, Св.Симеон – Мородвис, Св. Петка и Св. Спас - Видовиште,<br>• Етно куќа – Мородвис и Етно куќа и парк – Зрновци,<br>• Сите три населени места се обезбедени со комунални услуги: водовод и канализација,<br>• Гостопримливост на жителите и развиена гастрономија преку неколку познати угостителски објекти,<br>• Во с.Мородвис постојат 5 Платанови стебла (јавори) кои се заштитени како споменик на природата | соби на приватен инвеститор сеуште не се во функција,<br>• Постои недоволна сигнализација и сигналитика на туристичките атракции<br>• Недостиг на градежно земјиште<br>• Населението генерално е сиромашно,<br>• Не постојат преработувачки капацитети<br>• Мала локална самоуправа со слаба финансиска моќ<br>• Недостаток на човечки потенцијал<br>• Слаба финансиска моќ на општината да финансира документи и технички документации кои понекогаш се предуслов за развој |
| **Можности** | **Закани** |
| • Достапност на грантови и поволни долгорочни кредити и субвенции што ги нуди Владата и донаторски организации<br>• Агенцијата за промоција на туризмот нуди соработка за заеднички проекти, промоција на туризам и пилот проекти<br>• Постоење на позитивните законска регулатива можности за формирање на Приватно јавно партнерство во делот на енергетиката, социјалните услуги, комунални дејности и сл.<br>• Позитивен тренд за дигитализација на општинските услуги и промоција на туристичките производи и понуди<br>• Позитивен тренд на заинтересираност за малите винарии ( во општината постојат три компании со лозови насади со амбиции за отворање на винарии)<br>• Неодамна формираната Национална | • Недостаток на човечки потенцијал<br>• Се поголема инфлација и несигурен пазар на енергенси (високи цени)<br>• Општата перцепција на несигурност, воздржување од инвестирање |

| |
|---|
| рурална мрежа нуди можности за соработка и финансирање на проекти |

*Табела бр. 11 SWOT анализа на тема локална економија во општина Зрновци*

## 8. Визија

Визијата е опис на претпочитаната економска иднина на засегнатите страни за заедницата, тоа е нејзината „дестинација“, нејзината изјава за тоа каде метрополата, општината, градот или заедницата сака да биде во иднина во однос на раст, развој и вработување како резултат на спроведување на својот план. Иако визијата можеби нема да биде целосно остварлива, таа ѝ дава на заедницата јасно чувство за насока. „Визионирањето“ (процесот на создавање визија) треба да биде и имагинативно и реалистично. Врз основа на Визијата ќе се развијат цели, активности и проекти. Целото партнерство треба да биде вклучено во развојот на оваа Визија: тоа е нејзината изјава за мисијата.

Во таа насока засегнатите страни во општина Зрновци ја имаат следната визија:

***Општина Зрновци, најмалата рурална општина е еколошка чиста средина, без невработени лица со услови за квалитетен и достоинствен живот , привлечна дестинација со развиена и добро позната гастрономска понуда, заснована на ориз и јадења од ориз, вина и препознатливи градинарски производи.***

## 9. Стратешки цели и мерки за ЛЕР

